ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ

# Домот и градината

**ПРОГРАМА LIVING VICTORIA ЗА ПОПУСТИ ЗА ВОДА**
**ОД 1 ЈУЛИ 2011 Г. ДО 30 ЈУНИ 2013 Г.**

Владата на Викторија ќе одвои $40 милиони во текот на наредните четири години за да им овозможи на сите жители на Викторија попусти за штедење на вода. Програмата Living Victoria за попусти за вода сега им дава попусти на сите домаќинства во Викторија што се поврзани на градска водоводна мрежа, што имаат сметка кај некоја од компаниите за градско водоснабдување во Викторија, или кои сами се снабдуваат со вода (не се поврзани на водоводна мрежа/главен водовод).
Овој информативен лист ги наведува попустите што може да се добијат за домот и за градината во текот на наредните две години, од 1 јули 2011 г. до 30 јуни 2013 г. Подолната табела претставува список на допуштените производи, на износите на попустот и на основните услови што мора да се исполнуваат за да се побара попуст.

Основна понуда (ограничена на 1 попуст за еден имот, освен за тушеви).

Целосен список на условите може да се најде на www.water.vic.gov.au и од задната страна на формуларот за барање попуст за домот и градината.

| Производ | Попуст | Основни услови |
|---|---|---|
| Сите одобрени постојани системи за повторно користење на отпадна вода | $500 | Мора да бидат поставени од водоинсталатер кој има дозвола за вршење на својата дејност, и да бидат поврзани со соодветен подземен систем за наводнување. Кон барањето за попуст мора да биде приложено PIC уверение. Мора да ги задоволуваат стандардите на EPA и да бидат одобрени од општината, ако е тоа потребно. Овој попуст не може да се добие за системи за повторно користење на канализациска вода или комбинирани системи за повторно користење на канализациска/отпадна вода. |
| Цистерни за дождовница | $500-<br>$1,000 | Цистерната мора да ја постави водоинсталатер кој има дозвола за вршење на својата дејност, а треба да се достави и уверение PIC кога вкупната вредност на цистерната и на придружните водоинсталатерски работи изнесува $750 или повеќе. Цистерните мора да ги задоволуваат австралиските стандарди. За цистерни приклучени на новоизградени куќи што добиле градежна дозвола по 30 јуни 2005 г. не следува попуст. |
| Поврзување на цистерна со клозет /перална | $200 | Кога постојна цистерна од 2000 или повеќе литри се поврзува со клозетот и/или пералната. Поврзувањето мора да го направи водоинсталатер кој има дозвола за вршење на својата дејност. |
| Покривка за базен со намотка/макара | $200 | Може да се добие за покривки за базен што имаат намотка или макара кои помагаат при покривањето на базенот.<br>Покривките за базенот мора да бидат производи што се означени како Smart Approved WaterMark, да бидат дебели најмалку 400 микрони, и да бидат отпорни на ултравиолетови зраци. |
| Машина за перење алишта | $150 | Допуштените машини за перење алишта мора да бидат означени со 5 ѕвезди за штедење на вода ((WELS) и со 4 ѕвезди за штедење на енергија. Машините за перење мора да бидат наменети за употреба во домаќинствата. Може да се добие во следните 12 месеци (завршува на 30 јуни 2012 г.). |
| Апарат за повторно користење на водата за греење | $150 | Мора да ја пренасочува студената вода од цевките за топла вода назад во водоводниот систем на домаќинството, и не смее да ја излева во надворешен резервоар. Мора да биде поставен од водоинсталатер. |
| Клозетско казанче со двојно плакнење | $100 | Мора да биде поставен од водоинсталатер кој има дозвола за вршење на својата дејност. Мора да биде 6/3 казанче означено со 3 или повеќе ѕвезди според стандардот WELS, и да замени некое постојно казанче што троши повеќе вода (на пример, казанче со единечно плакнење, или казанче со двојно плакнење 9/4,5 литри). Попустот се исплаќа само за казанчето или за комбинирано казанче со клозетска школка. |
| Проверка на штедењето на вода | $50 | Мора да ја изврши квалификуван водоинсталатер или друго професионално лице наведено на www.water.vic.gov.au. Проверката може да го оцени штедењето на вода внатре во куќата и надвор од неа. |
| Туш што штеди вода (најмногу 2 за еден имот) | $10<br><br>$20 | Мора да биде означен со 3 или повеќе ѕвезди. Цената на тушот мора да биде од $30 до $99 за да се исполнат условите за попуст од $10. Цената на тушот мора да изнесува $100 или повеќе за да се исполнат условите за попуст од $20. |

**СПЕЦИЈАЛНА понуда** *(Најмногу 1 попуст за еден имот во текот на една календарска година)*

**Попуст од $30 може да се добие при купувањето на еден или повеќе производи со вкупна вредност од $100 или повеќе.**

- Вентил за контролирање на протокот *(мора да го сведува протокот на 9 или помалку литри во минути)*
- Градинарско ѓубре (органско и неорганско)
- Средство за влажнење/чување на влагата
- Канта за компост/ градинарско ѓубре
- Покажувач за влага/дожд
- Ограничувач на времето на течење на водата од славина во градината
- Распрснувач за црево за наводнување
- Систем за полевање капка по капка
- Систем/црево што ја испушта водата во капки
- Привремен пренасочувач на отпадната вода од домаќинството
- Временски ограничувачи на течењето на водата од тушот
- Пренасочувачи за дождовница
- Безводни чистачи за автомобили
- Справа за прекинување на испуштањето вода од клозетското казанче

# Како да побарате попуст за домот и градината од Програмата Living Victoria за попусти за вода

Ако имате сметка за вода кај некоја од компаниите за градско водоснабдување, може да поднесете барање до таа компанија користејќи го формуларот за барање од корисник на водоводна мрежа кој може да се добие од www.water.vic.gov.au.

Ако во целост сами се снабдувате, може да го пополните формуларот за барање за лица што сами се снабдуваат со вода кој може да се добие од www.water.vic.gov.au и да го доставите на адресата наведена на формуларот за барање.

Формуларите за барање исто така може да ги добиете од вашата локална продавница за градежни материјали, од продавница за водоинсталатерски материјали или за градинарски материјали, или од некоја локална компанија за водоснабдување. Телефонирајте во Одделот за одржливост и животна средина на 136 186.

Ако планирате да купите производи за кои верувате дека остваруваат право на попуст, треба да ги прочитате целосните услови пред да го купите производот за да се осигурате дека купувате производ што остварува право на попуст. Тие производи се накусо опишани во овој информативен лист.

Во формуларите за барање попуст за домот и градината има список за проверка на работите што треба да ги направите. Тие работи се:

- Приложете ги оригиналните сметкопотврди (или копии од сметкопотврдите со ваша писмена изјава) за купените производи што остваруваат право на попуст, а кога е тоа потребно, и сметкопотврда од водоинсталатер и/или уверение за сообразност од Комисијата за водоинсталатерска дејност (Plumbing Industry Commission - PIC), како и копија од градежната дозвола.
- Може да се поднесе барање само за производи купени во текот на одобрениот период од 1 јули 2011 г. до 30 јуни 2013 г. освен за машина за перење алишта во одобрениот период од 1 јули 2011 г. до 30 јуни 2012 г.
- Вашата компанија што ве снабдува со вода мора да ги прими сите барања за попуст до 30 септември 2013 г. за производите купени пред 30 јуни 2013 г.
- Испратете ги по пошта вашиот формулар за барање, оригиналните сметкопотврди и доказ за жителство (за потстанари што не плаќаат сметка за вода) до вашата локална компанија што ве снабдува со вода или до адресата за лица што сами се снабдуваат со вода (видете го подолниот список за поединости)
- Проверете дали го имате точниот формулар:
    - Ако сте поврзани на водоводна мрежа (со вода ве снабдува компанија за градско водоснабдување), ве молиме употребете го формуларот за барање **Снабдување од водоводна мрежа (Reticulated water supply),** или
    - Ако во целост сами се снабдувате со вода (не сте поврзани на водоводна мрежа), ве молиме употребете го формуларот за барање **Самоснабдување со вода (Self supplied water)**.

Потстанар што нема број на сметка за плаќање општински данок во надлежната општина за неговото место на живеење, кон формуларот за барање мора да приложи два документи што докажуваат жителство. Документи што докажуваат жителство може да бидат: договор за изнајмување, потврди за регистрација на возило од VicRoads, банкарски/финансиски изводи, и сметки за платени режиски трошоци (на пример, телефон, гас, струја).

Ако сте клиент на некоја компанија за градско водоснабдување, ве молиме проверете ја вашата сметка и испратете го вашето барање до компанијата што ве снабдува со вода на соодветната адреса наведена подолу. Ако сами се снабдувате со вода, ве молиме користете ја подолната адреса за самоснабдување.

**Barwon Water**
PO Box 659, Geelong 3220
Телефон: 1300 656 007

**Central Highlands Water**
PO Box 152, Ballarat 3353
Телефон: 03 5320 3111

**City West Water**
Locked Bag 350, Sunshine 3020
Телефон: 131 691

**Coliban Water**
PO Box 2770, Bendigo DC 3554
Телефон: 1300 363 200

**East Gippsland Water**
PO Box 52, Bairnsdale 3875
Телефон: 1300 720 700

**Gippsland Water**
PO Box 348, Traralgon 3844
Телефон: 1800 066 401

**Goulburn Valley Water**
PO Box 185, Shepparton 3632
Телефон: 1300 360 007

**GWMWater**
PO Box 481, Horsham 3402
Телефон: 1300 659 961

**Lower Murray Water**
PO Box 1438, Mildura 3502
Телефон: 03 5051 3460

**North East Water**
PO Box 863, Wodonga 3689
Телефон: 1300 361 622

**South East Water**
Locked Bag 1, Moorabbin 3189
Телефон: 131 867

**South Gippsland Water**
PO Box 102, Foster 3960
Телефон: 03 5682 0444

**Wannon Water**
PO Box 1158, Warrnambool 3280
Телефон: 1300 926 666

**Western Water**
PO Box 2371, Sunbury DC 3429
Телефон: 1300 650 425

**Westernport Water**
2 Boys Home Rd, Newhaven 3925
Телефон: 1300 720 711

**Yarra Valley Water**
Private Bag 1, Mitcham 3132
Телефон: 132 989

**Лицата што се снабдуваат сами адресираат до:**
Living Victoria Water Rebate
Self Supplied
Locked Bag 6040
Moorabbin, Victoria, 3189
Телефон: 136 186

# РАБОТИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ЗНАЕТЕ

**Кој има право да бара попуст?**
Попустите може да ги добијат сите домаќинства во Викторија кои се поврзани на градска водоводна мрежа, кои имаат сметка кај некоја од компаниите за градско водоснабдување во Викторија, или кои сами се снабдуваат со вода (не се поврзани на водоводна мрежа/главен водовод).

**Како да добијам попуст?**
> Ако имате сметка кај некоја од компаниите за градско водоснабдување, може да поднесете барање до таа компанија користејќи го формуларот за барање од корисник на водоводна мрежа кој може да се добие од www.water.vic.gov.au.
> Ако во целост сами се снабдувате, може да го пополните формуларот за барање за лица што сами се снабдуваат со вода кој може да се добие од www.water.vic.gov.au и да го доставите на адресата наведена на формуларот за барање.
> Формуларите за барање исто така може да ги добиете од вашата локална продавница за градежни материјали, од продавница за водоинсталатерски материјали или за градинарски материјали, или од некоја локална компанија за водоснабдување.
> Јавете се во Одделот за одржливост и животна средина (Department of Sustainability and Environment) на 136 186.

**Кога треба да користам услуга од водоинсталатер?**
Сите цистерни за дождовница, постојани системи за повторно користење на отпадна вода, клозетски казанчиња со двојно плакнење и резервоари, апарати за повторно користење на водата за греење и поврзувања на цистерни со клозет/перална мора да ги постави водоинсталатер кој има дозвола за вршење на својата дејност. Кога е тоа потребно, мора да се достави и PIC уверение. Погледнете ги условите за повеќе поединости.

**Што е тоа PIC уверение?**
PIC уверение е уверение за сообразност издадено од Комисијата за водоинсталатерска дејност (Plumbing Industry Commission - PIC) што треба да го достави водоинсталатерот кој има дозвола за вршење на својата дејност. Кон вашето барање за попуст мора да биде приложено PIC уверение ако вкупната цена на производот и на придружните водоинсталатерски работи изнесува $750 или повеќе. Побарајте од вашиот водоинсталатер да ви даде PIC уверение кога ќе ја заврши работата.

**Зошто се даваат попусти за машини за перење алишта?**
Машините за перење алишта се едни од најголемите потрошувачи на вода во куќата. Со давањето попуст од $150 за машина за перење алишта означена со пет ѕвезди според стандардот за штедење вода WELS и со 4 ѕвезди за заштеда на енергија, на луѓето им се олеснува да се снабдат со најштедливите модели.

**Какви попусти има за покривки за базени?**
Може да добиете попуст од $200 за покривка за базен со намотка или макара. Покривката за базен мора да биде купена со намотка или со направа што помага при покривањето/откривањето на базенот, и треба да биде производ означен како Smart Approved WaterMark. Покривката за базенот исто така мора да биде дебела најмалку 400 микрони и да биде отпорна на ултравиолетови зраци.

**Што е тоа попуст за цистерна за дождовница?**
Попусти во износ од $500 до $1.000 може да се добијат за цистерни за дождовница со најмалку 2000 литри зафатнина и кои се поврзани со клозетот и/или пералницата. Сите цистерни за дождовница исто така мора да бидат осмислени и изработени според соодветните австралиски стандарди за да остваруваат право на попуст според оваа програма. Цистерните за дождовница исто така мора да добијат уверение за усогласеност со соодветните австралиски стандарди пред 1 јули 2012 г. за да остваруваат право на попуст после тој датум.

**Може ли да побарам попуст за поврзување на постојна цистерна за дождовница со мојот клозет?**
Да, имате право на $200 попуст за поврзување на цистерна со клозет/перална кога поврзувате постојна цистерна за дождовница со клозетот.

**Може ли да добијам попуст и ако купам цистерна ама не ја поврзам со мојот клозет или перална?**
Не. Цистерните за дождовница овозможуваат најголеми заштеди кога се поврзани со клозетот и/или пералната каде што се користи вода во текот на целата година, попустите може да се добијат само за цистерни поврзани со клозетот и/или пералната.

**Треба ли да ги приложам сметкопотврдата и доказот за поставување кон моето барање за попуст?**
Да. Оригиналната сметкопотврда за производот, сметкопотврдата од водоинсталатерот и PIC уверението (кога е тоа потребно) мора да бидат приложени заедно со формуларот за барање. Проверете во формуларот за барање за повеќе поединости.

**Кога треба да биде купен и поставен производот?**
За да го остварите правото на попустите опишани во оваа книшка, треба да сте го купиле и поставиле вашиот производ после 1 јули 2011 г. Сите барања за попусти мора да бидат доставени до 30 септември 2013 г. (освен за машините за перење алишта за кои мора да се поднесе до 30 септември 2012 г.). За производите купени меѓу 1 јули 2009 г. и 30 јуни 2010 г. може да се бара попустот што е наведен во условите на Програмата за попусти за штедење вода во домовите и градините (Water Smart Gardens and Homes) до 30 септември 2011 г.

**Како ќе ми биде исплатен попустот?**
Попустот за повеќето производи ќе ви биде вложен како износ во вашата следна сметка/сметки за потрошена вода. Кога попустот изнесува $500 или повеќе, може да побарате исплата преку електронско префрлување на пари (Electronic Funds Transfer - EFT) ако ги пополните соодветните поединости во формуларот за поднесување барање. За обработка на таквите исплати може да бидат потребни 10-12 недели.
Ако не сте клиент на компанија за снабдување со вода (ако си имате сопствен извор за снабдување со вода), попустот ќе ви биде исплатен преку електронско префрлување на пари ако ги пополните соодветните поединости во формуларот за поднесување барање. За обработка на таквите исплати може да бидат потребни 10-12 недели.

**Колку попусти може да побарам?**
Може да барате еден попуст за секој основен производ во текот на времетраењето на програмата, за секој имот што ги исполнува условите и за кој добивате сметка за вода (со исклучок на тушовите за кои може да побарате два попуста). Основни производи се машина за перење алишта, покривка за базен, цистерна за дождовница, постојан систем за повторно користење на отпадна вода, казанче со двојно плакнење, апарат за повторно користење на водата за греење, проверка на штедењето на вода, туш, и поврзување на цистерна со клозет/перална. За производите од специјалната понуда може да побарате по еден попуст во текот на една календарска година за секој имот што ги исполнува условите.